Република Северна Македонија
**Влада на Република Северна Македонија**

НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

# Национална стратегија за спречување насилен екстремизам

## 2023-2027

Република Северна Македонија

**Влада на Република Северна Македонија**

НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА
НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ И
БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

# Национална стратегија за спречување насилен екстремизам

# 2023-2027

## СОДРЖИНА

**ТЕРМИНОЛОГИЈА** ... 2
**ПРЕДГОВОР** ... 3
**1. ВОВЕД** ... 5
**2. НАШИТЕ ЗАЛОЖБИ ВО ПРЕВЕНЦИЈАТА НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ** ... 7
**3. ПРОЦЕС НА ПОДГОТОВКА И СТРУКТУРА НА СТРАТЕГИЈАТА** ... 7
**4. ЦЕЛ, ВИЗИЈА, МИСИЈА** ... 8
**ЦЕЛ** ... 9
**ВИЗИЈА** ... 9
**МИСИЈА** ... 9
**5. ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ** ... 9
**6. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА** ... 12
**6.1 Силни страни** ... 13
**6.2 Влијанија и опкружување** ... 14
**6.3 Предизвици и можности** ... 15
**7. ЗАЕДНИЧКИ ДВИГАТЕЛИ И ФАКТОРИ НА СНЕ И БПТ** ... 17
**8. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ** ... 18
**9. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И МЕРКИ** ... 20
1. ПРЕВЕНЦИЈА ... 20
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1 Зајакнати институционални капацитети*** ... 21
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2 Подигнување на јавната свест*** ... 21
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3 Зајакнати и отпорни заедници*** ... 22
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.4 Спречување на онлајн радикализација што води до тероризам*** ... 23
2. ЗАШТИТА ... 23
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1 Проактивни институции за заштита на основните вредности, човековите права и слободи и зголемена доверба на граѓаните кон институциите*** ... 23
3. ИЗВРШУВАЊЕ ... 24
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1 Мерки за заштита на границите*** ... 24
4. ОДГОВОР ... 25
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.1 Деангажирање / Дерадикализација*** ... 25
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.2 Реинтеграција преку ресоцијализација и рехабилитација*** ... 26
***СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.3 Зајакната координација и унапредување на соработка*** ... 26
**10. ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА** ... 27
**11. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА** ... 28
**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ** ... 31

## ТЕРМИНОЛОГИЈА[1]

| | |
|---|---|
| **Насилен екстремизам и радикализација што водат до тероризам[2]** | Динамичен процес во кој едно лице на крајот го прифаќа терористичкото насилство како возможно, па дури и како легитимен курс на дејствување. Иако не мора да значи, ова можеби на крајот да го наведе лицето да се заземе за терористички активности, да дејствува во нивна поддршка или да се вклучи во нивно извршување. |
| **Заедница** | Претставуваат жени, мажи, социјални групи и институции што се засновани во една иста област и/или имаат заеднички интереси.[3] |
| **Семејство** | Животна заедница на родители и деца и други роднини, ако живеат во заедничко домаќинство.[4] |
| **Говор на омраза** | Сите форми на изразување кои шират, промовираат, поттикнуваат или оправдуваат омраза заснована на нетолеранција кон едно или повеќе лица поради нивна лична карактеристика или припадност кон одредена група. |
| **Странски терористички борци (СТБ)** | Лица кои патуваат во држава која не е нивна држава на престој или државјанство заради извршување, планирање, подготовка или учество во терористички акти или заради обезбедување или добивање на терористичка обука, вклучително и во врска со вооружен конфликт.[5] |
| **Повратници** | Лица кои одат од земјата домаќин, во земјата на потекло, земјата на националност или вообичаено живеалиште, по поминување на значителен временски период во земјата домаќин, без разлика дали е доброволно или присилно, помогнато или спонтано. |

[1] Термините „насилен екстремизам“ и „радикализација кон насилство“ се усогласени со Консолидираната рамка на ОБСЕ за борба против тероризам (PC.DEC/1063) и Глобалната стратегија на ОН за борба против тероризмот (7 -ми преглед A/RES/75/291, 2 Јули 2021 година)

[2] Терминологијата „Насилен екстремизам и радикализација што водат до тероризам“ е усогласена со Министерската декларација за зајакнување на напорите на ОБСЕ за спречување и борба против тероризмот, усвоена на Министерскиот состанок во декември 2016 година (MC.DOC 1/16)

[3] Улогата на Граѓанското општество во спречување и спротивставување на насилен екстремизам и радикализација кои водат кон тероризам: Водич за Југоисточна Европа, ОБСЕ

[4] Закон за семејство (пречистен текст) „Службен весник на РМ“ број 153/2014

[5] Резолуција на Советот за безбедност на Обединетите Нации 2178 (2014) S/RES/2178

| | |
|---|---|
| **Деангажирање/исклучување** | Претставува социјален и психолошки процес каде посветеноста и вклученоста на поединецот во насилен екстремизам се сведува на степен до кој тој/таа повеќе не се изложени на ризик од вмешаност и вклученост во насилна активност. Овој процес вклучува промена во однесувањето (повеќе не се употребува или оправдува примената на насилство), но не мора да вклучува промена во посветеноста на поединецот кон одредена радикална или екстремистичка кауза. |
| **Дерадикализација** | Претставува процес на промена на системот на верување на поединецот, така што тој/ таа ја отфрла насилната екстремистичка идеологија и прифаќа општоприфатени, ненасислни вредности. Тоа подразбира фундаментална промена во разбирањето што се јавува како резултат на активностите што се презмаат во насока да им се помогне на поединците да се откажат од радикални или екстремни идеи, верувања и групи кои имаат врска со насилство. |
| **Рехабилитација** | Процес после кој луѓето се способни да водат самоопределен и самоодржлив живот и повеќе да немаат екстремистички ставови кои би можеле да претставуваат ризик за нив или за општеството (оправување физичко и ментално.) |
| **Ресоцијализација** | Враќање на општествено прифатеното однесување и норми. |
| **Реинтеграција** | Безбедна транзиција во и кон заедницата, со која поединецот продолжува да живее во согласност со закон, вклучително и по неговото/нејзиното ослободување од затвор, односно процес на социјално (пријателство, семејства и заедницата) и функционално (услови за домување, вработување, работа, задравствена заштита) поврзување со општеството. |

## ПРЕДГОВОР

**Свесни** за современите безбедносни предизвици во земјата, регионот, Европа и светот.

**Водени** од потребата да развиваме политики и практики за превенција и спречување на насилниот екстремизам кој може да доведе до тероризам.

**Посветени** на градење на општество отпорно на радикализација кон насилство и насилен екстремизам кои може да доведат до тероризам, затоа што тероризмот е најекстремна последица на радикализацијата и насилниот екстремизам.

**Подготвени** за имплементирање на најдобрите европски и меѓународни добри практики за превенирање на радикализацијата која води до насислтво и спречувањето на насилниот екстремизам во согласност со меѓунароното право за човекови права, меѓунардоното право за бегалци и меѓународното хуманитарно право.

**Уверени** дека само преку широк општествен пристап и мулти дисциплинарен одговор ќе се обезбеди ефикасна превенција  колективно ги поддржуваме, зајакнуваме и браниме нашите демократски и фундаментални вредности, почитувањето на човековите права и владеењето на правото. За ова треба да инвестираме во социјална кохезија, образованието и инклузивните општества, каде што секој чувствува дека неговиот или нејзиниот идентитет се почитува и дека тие целосно припаѓаат на заедницата.

Признавајќи ја водечката улога на Обединетите нации во меѓународните напори против тероризам и потврдувајќи ја Стратегијата на ОБСЕ за справување со заканите за безбедноста и стабилноста во дваесет и првиот век, кој го идентификува тероризмот како една од најважните причини за нестабилност во сегашната безбедносна средина.

Имајќи ги предвид заложбите, Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) изразува благодарност до сите меѓународни, регионални и домашни партнери, владини и невладини организации кои дадоа поддршка во изготвувањето на националната стратегијата за спречување насилен екстремизам.

# 1. ВОВЕД

Насилниот екстремизам е комплексен безбедносен проблем кој не препознава граници, култури, религии или етнички групи. Тоа е феномен кој не засега сите нас и потребен е широк општествен и интегриран одговор за превенција и спречување.

Превенцијата од насилен екстремизам и радикализација до насилство се основата за заштита на општеството од терористички акти, пред се затоа што насилниот екстремизам и тероризмот се резултат на поединечен или колективен процес на радикализација што води кон насилство за постигнување на одредени цели (политички, иделошки, социјални).

Во резолуцијата 2178 (2014), Советот за безбедност јасно ја објаснува врската помеѓу насилниот екстремизам и тероризмот, ја нагласува важноста на мерките да бидат во согласност со меѓународните норми и ја признава потребата од превенција: „насилниот екстремизам, кој може да биде погоден за тероризмот“, бара колективни напори, „вклучувајќи и спречување на радикализација, регрутирање и мобилизирање на поединци во терористички групи и нивно прераснување во странски терористички борци“.

Стратешкото планирање на мерки и активности за спречување насилен екстремизам и радикализација што водат до тероризам се врвен приоритет во процесот на градење безбедни и отпорни заедници и во обезбедувањето на основните вредности, како што се владеење на правото, човековите права и слободи, безбедноста на граѓаните, културните вредности и инклузивноста на општеството.

Превенцијата од насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам е еден од главните предизвици за кои е потребно:

⇒ **знаење**, односно разбирање за феноменот,

⇒ **препознавање/идентификување** на ризиците кои привлекуваат и факторите кои мотивираат,

⇒ **знаење за тоа што треба да правиме** кога се зголемуваат ризиците од радикализација што води кон насилство и погодните мерки за да се управува со ризиците и

⇒ **согледување или анализа** на влијанието на родот врз можностите, социјалните улоги и интеракциите на луѓето. Овој начин на гледање овозможува да се спроведе родова анализа и последователно да се вклучи родовата перспектива во која било предложена програма, политика или организација.

Стратегијата за спречување насилен екстремизам промовира учество, социјална инклузија и еднаквост на сите граѓани.

Во таа смисла земено е предвид и последното мислење на Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства (РКНМ) на Советот на Европа кое итно препорачува државата „да ги преземе сите неопходни мерки за градење интегрирано општество кое е цврсто базирано на владеење на правото, заштита на човековите права, вклучително и малцинските права, почитување на различностите, како и да се отфрли екслузивистичката етнонационалистичка политика која дополнително го зацврстува формирањето на паралелни општества“.[6]

Со Стратегијата за спречување насилен екстремизам, Република Северна Македонија ја изразува својата силна посветеност за да ги развива и подобрува концептите за борба против насилниот екстремизам и радикализација кои може да доведат до тероризам.

Стратегијата за спречување насилен екстремизам (2023–2027) претставува континуитет на претходната стратегија, имајќи ја предвид потребата од одржливост на решенијата и потребата од долгорочни интервенции. Во својот опфат стратегијата ги зема предвид и новите предизвици и влијанија за што се планираат и соодветни мерки за интервенција.



*Создавањето рамноправно, инклузивно и плуралистичко општество, засновано на целосно почитување на човековите права и со економски можности за сите, претставува најефикасна можност за исклучување на насилниот екстремизам.*

*Толеранцијата и разбирањето за различните идеи и култури се во фокусот на Агендата за одржлив развој на УНДП (2030). Целта за одржлив развој ги обврзува државите да „промовираат мирни и инклузивни општества за одржлив развој, да обезбедат пристап до правдата за сите и да изградат ефективни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа“. Со својот фокус, на искоренувањето на сиромаштијата, намалување на нееднаквоста, промовирањето на вредности кои се темелат на почитување на различностите и постапување без дискриминација се поставува широка рамка за дејствување која треба да го спречи насилниот екстремизам.*

[6] Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот 2020 – 2022, достапна на: https://vlada.mk/nacionalni-strategii

## 2. НАШИТЕ ЗАЛОЖБИ ВО ПРЕВЕНЦИЈАТА НА НАСИЛНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ

Република Северна Македонија е кредибилен партнер во борбата против насилниот екстремизам и тероризам и членка на Глобалната коалиција за победа над ИСИС. Во таа насока силно ја поддржува улогата на НАТО во борбата на меѓународната заедница против тероризмот.

Република Северна Македонија ги има потпишано и ратификувано конвенциите за борба против тероризмот и протоколите поврзани со тероризам на Обединетите нации, вклучително и Резолуцијата 2178 (2014) на Советот за безбедност на ОН и Конвенцијата за спречување тероризам на Советот на Европа.

Почитувајќи ги обврските од Заедничкиот акциски план за борба против тероризам на земјите од Западен Балкан, Владата на Република Северна Македонија го усвои Националниот план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца).

Стандардните оперативни процедури за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства ја операционализираат постапката која се темели на основните вредности за заштита на човековите права и слободи, широк општествен пристап, индивидуален пристап и третман и принцип на доверливост.

## 3. ПРОЦЕС НА ПОДГОТОВКА И СТРУКТУРА НА СТРАТЕГИЈАТА

Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам е заеднички документ на претставници на владините институции, здруженија на граѓани, академската и меѓународната заедница.

Преку дискусии на организирани дебати утврдени се стратешките приоритети и цели, кои произлегоа од анализа на контекстот претставен преку утврдување на главните предизвици и можности за соодветен превентивен и проактивен одговор на државата во спречувањето на насилениот екстремизам и процесот на радикализација кои може да доведат до тероризам.

Националната стратегија за спречување насилен екстремизам е проектирана за временски период од пет години (2023–2027) по кои повторно ќе се преиспитаат процесите и ќе се направи анализа за натамошните чекори. Документот се состои од четири (4) стратешки приоритети и девет (9) стратешки цели, кои се последица на

направена анализа на состојбата со активности кои се во функција на остварување на стратешките цели и приоритети (претставени во акцискиот дел).

Националната стратегија го поттикнува широкиот општествен пристап и мултидисциплинарниот одговор во процесот на спречување на насилниот екстремизам, со цел да се обезбеди вклученост на широк спектар на владини учесници како што се претставници од ресорите за безбедност, социјални работи, образование, здравство, млади и спорт, претставници на граѓанските здруженија, како и вклучување на младите, семејствата, жените, верските, културните и образовните лидери и медиумите.

Со ваквиот пристап обезбедено е активно вклучување на сите релевантни субјекти во процесот на стратешко планирање на идните чекори кои ќе ги преземат државните и невладините актери во процесот на спречување на насилен екстремизам, како и во одговорот преку развој на програми за дејствување во областа на примарната, секундарната и терцијарната превенција.

## 4. ЦЕЛ, ВИЗИЈА, МИСИЈА

Со овој стратешки документ Владата на Република Северна Македонија сака да ги подобри напорите за борба против радикализацијата и насилниот екстремизам кои може да доведат до тероризам. Тероризмот е најекстремната последица на радикализацијата и насилниот екстремизам. Од тие причини, за да се спречи тероризмот, превентивните активности се клучен елемент за да се обезбедат основните вредности, како што се демократијата, човековите права и безбедноста.

**Инклузивноста на нашето општество е нашата најсилна заштита од закана од тероризам. Нашата агенда треба да биде насочена кон градење отпорни заедници кои ќе можат да се спротивстават на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат до тероризам и да ги заштитат вредностите на нашиот уставен поредок.**[7]

Градењето односи и промовирањето отпорни заедници е фактор за спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација кои водат до тероризам.

[7] Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализмот (2020 – 2022)

## ЦЕЛ

Националната стратегија за спречување насилен екстремизам има за цел да ги зачува вредностите на толеранција и верска хармонија, да ги заштити човековите права, владеењето на правото и демократијата и да го заштити општеството од насилен екстремизам.

## ВИЗИЈА

Отпорно општество способно да се бори против насилниот екстремизам и радикализацијата што водат кон тероризам.

## МИСИЈА

Спротивставување и спречување на насилниот екстремизам преку програми и политики засновани на докази за идентификација на ризици и интервенција за намалување и отстранување на нивното влијание.

## 5. ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ

### *ПОСТАПУВАЊЕ ВОДЕНО ОД ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ*

Човековите права и слободи се темелна вредност на Уставот на Република Северна Македонија и нивното почитување и промоција е императив за секоја демократска држава. Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права на Советот на Европа, ратификуваните меѓународни договори и бројни други документи за работа на органите за спроведување на законот, ја утврдуваат потребата токму постапувањето водено од човековите права и слободи да биде и прв водечки принцип на новите национални стратегии за СНЕ и БПТ. Постапувањето водено од човековите права и слободи се темели на следните принципи за постапување:

- **Учество во процесот на донесување одлуки** (секој има право активно да учествува во процесите на донесување одлуки кои влијаат на остварувањето на неговите права);
- **Отчетност** (потребни се ефективни правни лекови кога се случуваат прекршувања на човековите права и слободи);
- **Недискриминација и еднаквост** (секој има право на еднаков пристап до човековите права и слободи без каква било дискриминација);

- **Охрабрување и зајакнување** (секој има право да има пристап и да ги остварува своите права). Поединците и заедниците треба да ги знаат нивните права и да учествуваат во развојот на политики кои влијаат на нивните животи, а надлежните државни органи имаат обврска да ги почитуваат, заштитат и овозможат човековите права);
- **Законитост** (сите постапки на институциите треба да бидат во согласност со националното и меѓународното право) и
- **Ефективен надзор**, **редовна контрола** и **независен мониторинг** врз усогласеноста на дејствијата на државата со заштитата на човековите права и слободи

## ***ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ И НЕГУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ***

Доброто владеење значи правилно управување со државата, општеството и ресурсите. Се стреми да ги заштити интересите, социјалните, економските и политичките права на луѓето без дискриминација по било кој основ.

Основните карактеристики на доброто владеење се учество, владеење на правото, транспарентност, одговорност, еднаквост и инклузивност, ефективност и ефикасност во постапувањето, отчетност на институциите.

## ***ШИРОК ОПШТЕСТВЕН И ВЛАДИН ПРИСТАП***

Стратегијата се темели на начелото на широк општествен и владин пристап, здружувајќи ги сите владини институции и релевантните здруженија на граѓани во интерес на заштита на граѓаните од насилен екстремизам и радикализација што води до тероризам.

Потребно е сеопфатно, интегрирано, интердисциплинарно и меѓуресорско постапување на институциите во спречувањето на насилниот екстремизам. Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) ја задржува примарната функција за координиран одговор на институциите во остварувањето на четирите стратешки приоритети (превенција, заштита, извршување и одговор).

## ***ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ***

Потполна еднаквост на жените и мажите се еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот живот и отсуство на културни,

социјални, економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра меѓу жените и мажите.[8]

Надлежните државни органи задолжени за борба против насилниот екстремизам и тероризмот, се обврзуваат до највисока можна мера да го промовираат принципот на еднакви можности помеѓу жените и мажите. Дополнително, многу резолуции и документи на ОН ја препознаа важноста од зголемување на вклученоста на жените во зајакнувањето на родовите димензии на спречувањето на насилниот екстремизам и радикализацијата кои водат до тероризам. Шестата резолуција на Генералното собрание на Глобалната стратегија за борба против тероризмот, усвоена во јуни 2018 година, ја нагласува важната улога на жените во борбата против насилниот екстремизам и потребата родовите анализи да се интегрираат во програмите насочени кон справување со двигателите на радикализацијата.

## ЗАБРАНА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА КОЕ БИЛО ЛИЦЕ И/ИЛИ ГРУПА ЛИЦА, ВРЗ ОСНОВА НА НИВНИТЕ ЛИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ, ОСОБЕНО ЛИЦА И ГРУПИ КОИ СЕ ВО РАНЛИВА СИТУАЦИЈА

Забраната на дискриминација е вредност која е основа за постапување на демократските институции. Државните органи се носители на гаранциите дека на секој човек ќе му бидат овозможени еднакви права без никаква дискриминација, а кон лицата и групите кои се наоѓаат во ранлива ситуација ќе се постапува со особено внимание во духот на меѓусебно разбирање, почит и поддршка.

## ЗАКОНИТОСТ

Сите дејствија и активности кои се планираат и преземаат се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и други прописи донесени врз основа на закон и ратификуваните меѓународните договори.

Сите мерки и активности од стратешкиот план кои се во функција на спречување насилен екстремизам и радикализација кои водат до тероризам, се во согласнсот со меѓународното право за човекови права, меѓународното право за бегалци и меѓународното хуманитарно право.

За ефикасна превенција и спречување на насилниот екстремизам  постапувањето е во согласнсот со целосно почитување на родовата рамноправност и постапување водено и усогласено со возраста на лицата.

[8] Закон за еднакви можнсоти на мажите и жените „Службен весник на РМЗ, бр. 201/2015 година

Секое прекршување на законитоста треба да помине низ систем кој преку соодветните механизми ќе биде коректив на однесувањето на службениците одговорни за спроведување на законите.

## *ПОЧИТУВАЊЕ НА МУЛТИЕТНИЧКИТЕ И МУЛТИКУЛТУРНИТЕ АСПЕКТИ НА ОПШТЕСТВОТО*

Мултикултурализмот имплицира визија за општество кое ќе ги вклучи различните културни групи со нивната културна различност во сите сфери на општественото живеење. Во мултикултурните заедници, луѓето ги задржуваат, пренесуваат, слават и споделуваат нивните уникатни културни начини на живот, јазици, уметност, традиции и однесувања.

## *РЕГИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА*

Спречувањето на насилниот екстремизам е можно само со соработка и координација на сите значајни субјекти на национално ниво. Регионалната соработка е од клучно значење особено ако се има предвид дека заканите од насилен екстремизам немаат граници и често се транснационални.

Меѓународната соработка, е императив кога станува збор за закани кои ги надминуваат границите на една држава или на еден регион и не се поврзани со одредена култура, религија, вероисповед или друга припадност.

Проблемот на насилниот екстремизам и тероризам не започнува и не завршува само во една држава или само во еден регион. Напротив, светот се соочува со предизвикот и затоа не е можно една држава да се справува самостојно и да постигне забележителен успех. Проблемите се меѓународни, предизвиците глобални. Токму затоа и одговорот мора да биде сеопфатен и да ги вклучи размената на информации, искуства, знаење и вештини во меѓународни рамки.

## 6. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

За соодветно стратешко планирање, направена е анализа која се темели на статистички податоци, претходни научени лекции, анализа на состојбата (научна и оперативна) и знаењето на практичарите. Во таа смисла земени се предвид силните страни кои произлегуваат од моменталната состојба, предизвиците кои се поврзани со одредени ризици и можностите за соодветно планирање на нови активности.

## 6.1 Силни страни

Следејќи ги општите трендови, новата стратегија ги зема предвид силните страни кои значително може да ги намалат ризиците од радикализација која води до тероризам и појава на насилни екстремистички движења.

Кога се зборува за силните страни земени се предвид неколку аспекти кои се однесуваат на:

- **Континуитетот** во процесот на стратешко планирање. Стратегијата го следи процесот на реализација и научените лекции од имплементацијата на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за спречување на насилен екстремизам 2018 – 2022;
- **Воспоставена е институционална рамка** за координација на активностите на национално и локално ниво. Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам ги зајакна своите капацитети и активно учествува во креирање политики од областа на превенција на насилниот екстремизам. На национално ниво **формирана е интерресорска работна група** за следење на процесот на рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на СТБ и членови на нивните семејства. На локално ниво **воспоставени се девет (9) локални мултидисциплинарни тимови (ЛМТ)** кои се вклучени во работата со СТБ и членови на нивните семејства и **формирани се шест (6) акциски тимови во заедницата (АТЗ)** кои изработија свои акциски планови за постапување;
- Воспоставена е **соработка со релевантни здруженија на граѓани** кои станаа активни партнери во процесот на превенција, рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на радикализирани лица;
- Воспоставена е **соработка на регионално и меѓународно ниво**[9];
- Нашето општество ја негува основната вредност на **мултикултурниот, мултиетничкиот и мултирелигиозниот карактер**. Определбата за негувањето на ваквиот карактер е потврдена со Визијата на Националната стратегија за едно општество и интеркултурализам 2020 – 2022 „За нас **Едно општество за сите** подразбира: признавање на сите различности, гарантирање и обезбедување еднаквост, социјална правда, правичност, еднакви можности на жените и мажите, вклученост и учество на граѓаните во одлучувањето и постигнување општествена кохезија“; и
- Сè уште **семејството е основна клетка** кое значајно влијае на градењето на вредностите во заедницата.

[9] Вклучително и со OSCE, UNOCT, IOM и други

## 6.2 Влијанија и опкружување

Корупцијата како главен двигател на организираниот криминал и сериозниот криминал претставува закана за човековата безбедност, ја поткопува довербата во институциите, владеењето на правото и развојот на демократските капацитети на државата. Иако, охрабрува констатацијата дека „Земјата постигна одредено ниво на подготвеност/е умерено подготвена во однос на **спречувањето и борбата против корупцијата**“.[10]

Од проценката на закани од организиран и сериозен криминал во 2021 година „сеуште нема утврдена системска поврзност меѓу организираниот криминал како извор на директно финансирање на терористички и радикално екстремистички активности“, иако „кај три групи, односно кај одредени нивни членови утврдени се врски со екстремистички групи“.

Република Северна Македонија, како земја со специфична геополитичка и геостратешка положба, фреквентно се користи за илегално движење на мигрантите. Република Северна Македонија се наоѓа на крстосницата на мигрантските рути кои водат од Азија и Африка кон Централна и Западна Европа.

Животниот стандард на населението како и менаџирањето со економската и енергетската криза значително влијаат врз криминалитетот и можноста за полесно влијание врз ранливите категории на граѓани.

Потребата од дигитализација, особено во делот на интерресорското постапување има значајно влијание во следењето на реализацијата на програмите за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција.

Младите остануваат во фокусот на примарната превенција. Потребно е да се обезбеди вклученост на младите во одлучувачките процеси на државата, затоа што социјалната интеграција и вклученост претставува неопходен минимум и услов без кој не може да се обезбеди интегралниот развој на секој млад човек.

Радикализацијата која води до тероризам и насилство во затворите останува загрижувачка и потребни се повеќе активности во тој поглед.

[10] Извештај за Северна Македонија за 2022, Работен документ на службите на Комисијата, Брисел 12.10.2022, СВД (2022) 337 последна верзија

### 6.3 Предизвици и можности

Имајќи ги предвид силните страни и влијанијата, од значење за изработката на стратегијата се предизвиците со кои треба да се соочиме во периодот опфатен со стратегијата.

Општи предизвици во спречувањето на насилниот екстремизам на кои се темели новата стратегија кога станува збор за превенција од насилен екстремизам и радикализација кои водат до тероризам:

- ***<u>Интернетот и социјалните медиуми како виртуелна арена за радикализација и за ширење на говорот на омраза</u>***

Лицата кои промовираат насилни екстремистички погледи на интернет лесно наоѓаат поддршка за нивните мислења и ставови, поради брзината со кои се шират пораките кои содржат говор на омраза и поттикнуваат насилство. Сериозен предизвик е да се откријат скриените интернет профили преку кои се пренесуваат таквите пораки, со што лицата лесно може да го поминат патот на радикализација кон насилство, а притоа да не биде откриен изворот. Ваквиот начин на комуникација (аудио или видео) со истомисленици може да биде порта за радикализација кон насилство. Од друга страна активностите и влијанието преку интернетот може да го интензивираат процесот на радикализација кон насилство кој претходно бил започнат.

- ***<u>Меѓународните околности имаат силно влијание врз ризиците од радикализација кон насислтво</u>***

Меѓународните околности и надворешните конфликти имаат значително влијание врз целокупната ситуација. Научените лекции со наши државјани кои се приклучија на странска војска во ИСИС, не ја исклучува веројатноста кај поединци да се појави мотивација за директно вклучување во воените дејствија во руската војна против Украина.

- ***<u>Ризикот од зголемена поларизација помеѓу различни групи</u>***

Поларизацијата на заедницата е сериозен предизвик кој придонесува за појава на затворени групи кои лесно може да го промовираат насилството како можност за постигнување на цели. Во наш амбиент поларизацијата по основ на етничка и религиозна припадност се уште е доминантна. Но, во поново време не е исклучена и поларизацијата во исти етнички заедници. Со тоа нашето општество станува се повоќе некохезивно и лесно подложно на негативни влијанија врз различни групи.

- ***<u>Вклучување на СТБ и членовите на нивните семејства во процесот на рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција</u>***

Искуството кое го имаат стекнато лицата кои патувале во конфликтните подрачја како учесници/борци во странски војски или како членови на семејството ги прави поспособни за планирање и извршување на терористички акти. Потребен е силен општествен одговор во процесот на нивно деангажирање и повторно враќање во заедницата.

Иако правниот систем на Република Северна Македонија го инкриминира и санкционира учеството во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, феноменот и понатаму претставува безбедносен ризик. Неопходен е посеопфатен институционален одговор за да се прекинат или спречат сегашните и идните појави кои можат да доведат до насилен екстремизам и радикализација кои водат до тероризам.

Напорите предводени од владата за репатријација на државјаните кои отпатувале во Сирија и Ирак започнаа во 2018 година со репатријација на седум (7) државјани; продолжија со репатријација на три (3) жени во 2019 година и во 2021 година беа репатрирани четири (4) мажи, пет (5) жени и 14 (четиринаесет) деца. Процесот на реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација (РРР) се спроведува, согласно Националниот план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца) и Стандардните оперативни процедури. Во целокупниот процес Владата на Република Северна Македонија зазема холистички пристап кон РРР за жените и децата повратници, кој е насочен кон нивно интегрирање во локалните општини преку поединечни интервенции по мерка за секое семејство.

**Имајќи ги предвид влијанијата и предизвиците со кои се соочуваме дефинирани се и можности за интервенција:**

⇒ Потребно е **да се зајакнат човечките и материјалните капацитети** во справувањето со процесите на радикализација и насилен екстремизам кои водат до тероризам;

⇒ Со оглед на ранливоста, **младите луѓе се во фокусот** на планираните стратешки цели од Стратегијата за спречување насилен екстремизам 2023–2027;

⇒ **Зајакнување на јавната свест** и спроведување кампањи со **позитивни/алтернативни наративи** за ранливи лица/заедници;

⇒ **Подигнувањето на нивото на медиумската** писменост на сите граѓани;

⇒ **Спроведување на едукативни иницијативи** кои промовираат мир, различност и толеранција;

⇒ **Унапредување на програмата за реинтеграција** на СТБ и членовите на нивните семејства;

⇒ **Примена на процедурите** пред отпуст и пост-пенална помош за радикализирани осудени лица; и

⇒ **Воспоставување систем за следење, координација и евиденција** на помошта и поддршката за радикализирани лица кои се вклучени во програмата за реинтеграција преку рехабилитација и ресоцијализација, вклучително и за СТБ и членови на нивните семејства (во системот за социјална заштита).

## 7. ЗАЕДНИЧКИ ДВИГАТЕЛИ И ФАКТОРИ НА СНЕ И БПТ

Етиологијата на насилениот екстремизам кој може да доведе до тероризам се препознава во двигателите – општествени и лични кои придонесуваат одредени лица или групи да се радикализираат во заедницата.

Феноменологијата е променлива и насилните екстремистички групи наоѓаат нови начини да ги извршат своите напади, да ја шират својата пропаганда, да ги финансираат нивните активности и да регрутираат луѓе во своите редови.

Како заеднички двигатели (**push и pull фактори**) препознати се:

- **Повратниците – „странски терористички борци"** и членови на нивните семејства (меѓусебната и социјалната динамика меѓу СТБ како и меѓу СТБ и заедницата)[11];
- **Насилни екстремистички наративи** засновани на религија или екстремно десничарски или етно-националистички движења;
- **Дикриминацијата** влијае за поголема изолација и маргинализација на припадниците на помалите етнички заедници или религиозни групи;
- **Замрзнатите „хронични" конфликти во регионот** имаат влијание врз повлекување во процесот на радикалзиација што води до тероризам;

---

[11] Резолуцијата 2396 (2017) ги повикува земјите-членки да ги зајакнат напорите за искоренување на опасноста што произлегува од враќање и раселување на СТБ и членовите на нивните семејства, меѓу кои жени и деца, преку мерки за гранична контрола, кривична правда и размена на информации меѓу земјите-членки и релевантните организации како ИНТЕРПОЛ при откривање на СТБ.

- **Организираниот криминал и корупцијата** кои создаваат недоверба во институциите; и
- **Економските фактори** (низок животен стандард, светската економска и енергетска криза).

## 8. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

Почетната точка за оваа стратегија е да извлечеме поука од последната, свесни дека ни треба поголем фокус на одржливоста, на градење односи, споделување знаења и промовирање вредности.

Стратегијата за спречување насилен екстремизам кој може да доведе до тероризам се темели на **ПРЕВЕНЦИЈАТА.** Концептот на превенција во својата основа има широка перспектива која опфаќа обезбедување добри услови за развој, воспитување и образување на младите, борба против сиромаштијата, со цел да се обезбеди секој, без оглед на своето потекло или статус во општеството да биде заштитен од дискриминација, зајакнување на јавната свест, но и градење на капацитетите на институциите за соодветен одговор затоа што општите превентивни напори подразбираат и одвраќање да се користат насилни средства за да се постигнат идеолошки или религиозни цели.

Кога се зборува за превенција, се зборува исто така за одредена интервенција со соодветни средства и методи.

Со Стратегијата за спречување насилен екстремизам, опфатени се стратешки цели и мерки кои се во функција на постигнување на целите во областа на примарната, секундарната и терцијарната превенција.

**Примарна превенција:** Активностите од примарната превенција генерално ја опфаќаат пошироката јавност и истите се однесуваат на подигање на свеста, развивање на интеркултурни способности и обуки за професионалците, но и за различни целни групи во заедницата.

**Секундарна превенција:** Таргетира помала група или индивидуалци во ризик од радикализација што води до тероризам или извршување екстремистичко насилство. Мерките од секундарната превенција вклучуваат обуки за отпорност на различни целни групи во заедницата, мерки за намалување на поларизацијата и работа на терен со потенцијални лица или групи кои се во ризик.

**Терцијарна превенција:** Има за цел да спречи рецидивизам и затоа мерките се насочени кон поединци кои веќе биле радикално насилни или извршиле екстремистичко насилство. Со терцијарната превенција опфатени се и лица кои поттикнуваат насилство иако тие не учествуваат во насилни дејствија како и осудени лица кои издржуваат казна затвор.

Заканата од насилен екстремизам и радикализацијата кон насилство не претставува само безбедносен проблем (ризик од тероризам, итн.) туку има и пошироки импликации поврзани со добросостојбата во смисла на социјалната кохезија и добросостојбата во нашето општество.

Република Северна Македонија ги хармонизираше двете национални стратегии за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот и акциските планови за нивна имплементација во следниве четири (4) заеднички **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ:**

1. **ПРЕВЕНЦИЈА** - од радикализација и насилен екстремизам кој може да доведе до тероризам преку рана идентификација на радикализирани лица кон насилство и откривање на причините и факторите во заедницата кои радикализираат и кои доведуваат до регрутирање на граѓани да се приклучат кон странски терористички групи.

2. **ЗАШТИТА** - на животот и имотот, човековите права и слободи и дигнитетот на луѓето, обезбедување на надворешните граници, подобрување на безбедноста во транспортот, јавните настани и намалување на ранливоста на критичната инфраструктура.

3. **ИЗВРШУВАЊЕ** - подобрување на соработката и размената на информации меѓу институциите, со цел да се спречи и да се сузбие радикализација и насилен екстремизам кои водат до тероризам

4. **ОДГОВОР** - активно, транспарентно постапување на начини што ги минимизира последиците од радикализација и насилен екстремизам кој може да доведе до тероризам, преку подобрување на способностите на институциите за нивно активно вклучување во процесот на реинтеграција на радикализираните лица и справување со потребите на жртвите.

## 9. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И МЕРКИ

Стратешките цели и мерки се во функција на остварување на стратешките приоритети.

### 1. ПРЕВЕНЦИЈА

***Градењето доверба е клучно во програмите за превенција, рехабилитација и реинтеграција.***

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1 Зајакнати институционални капацитети*

Потребно е континуирано да се развиваат компетенциите на професионалците кои работат на превенција и спречување на насилниот екстремизам, особено на професионалците од првата линија на одговор (first line responders). Ова опфаќа општи знаења за радикализацијата и насилниот екстремизам во национелен контекст, но и пошироко на меѓународен план, факторите кои мотивираат (т.н. push/pull factors), знаења за ефективни превентивни мерки.

**Мерки за реализација на стратешката цел**:

- Развивање на компетенции кај професионалците (развиени програми и спроведени обуки за полициските службеници, наставниот кадар, социјалните работници, здравствените работници, вработените во казнено - поправните и воспитно - поправните установи и канцелариите за пробација за препознавање знаци кои се индиција за радикализација, како и за спречување на дополнителна радикализација на лица кои се во програма за реинтеграција) во согласност со човековите права и пристап зансован на почитување на родовата еднаквост и возраста;
- Зајакнување на концептот за превенција од насилен екстремизам и радикализација што водат до тероризам преку полициско работење во заедницата како и афирмација на корисни алатки за соработка со заедницата;
- Зајакнување на компетенциите за вработените во безбедносните служби преку специјализирани обуки, со цел да се следат трендовите, ризиците и заканите, како и обуки за соодветно собирање докази (материјални и дигитални);
- Зајакнување на капацитетите за вработените и членовите во НКСНЕБПТ преку постојано стручно усовршување, учество на национални и меѓународни конференции, следење на новите трендови во спречувањето на насилниот екстремизам, размена на искуства за ефективни превентивни мерки за спречување насилен екстремизам и радикализација што води до тероризам;

- Истражување за проценка на потребите (факторите кои придонесуваат за радикализација и насилно екстремистичко однесување (националниот контекст и регионалните и меѓународните влијанија) како и за родовите и возрасните аспекти при утврдувањето на потребите во процесот на реинтеграција на СТБ и членови на нивните семејства; и
- Годишни национални конференции за дебата на актуелни прашања кои се поврзани со насилен екстремизам и радикализација што може да доведе до тероризам, вклучително и прашања за етно националниот и религиозниот насилен екстремизам, како и за процесот на реинтеграција на СТБ и членови на нивните семејства.

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2 Подигнување на јавната свест*

Разбирањето, знаењето и свесноста за радикализацијата и насилниот екстремизам кои водат до тероризам може да го зголеми степенот на превентивно дејствување во заедницата. Изработката на материјали со едукативен и информативен карактер може да биде од значење за зајакнување на јавната свест. Значајно е да се предвиди целната група за дејствување, со цел да се овозможи влијание врз групите кои се во ризик (млади, лица во социјален и економски ризик, маргинализирани групи и сл). Ваквите материјали се дел од одредени кампањи, трибини и дебати.

Потребни се контра - наративи, односно позитивни наративи за инклузивен национален идентитет кои отстапуваат од дискурсот на „ние и тие“ застапувајќи се за „ние“ во обликувањето на идентитетот и зајакнување на чувството на припадност кај маргинализираните заедници.

### Мерки за реализација на стратешката цел:

- Подготовка на национална кампања за превенција од радикализација и насилен екстремизам кој може да доведе до тероризам;
- Промовирање на апликацијата „ЦРВЕНО КОПЧЕ“ (RED BUTTON), особено за пријавување насилство и за говор и криминал од омраза;
- Можност за воспоставување на бесплатен телефонски број за доставување информации корисни за институциите во спречувањето на насилен екстремизам и радикализација кои водат до тероризам;
- Развивање модел за упатување за радикализирани кон насилство лица, препознатлив за професионалците и семејствата;
- Трибини и дебати за мултикултурализмот и промоција на меѓурелигиски и меѓукултурен дијалог преку активности кои промовираат позитивни вредности и ставови за различностите кај различни културни групи и заедници;

- Медиумска кампања за социјална кохезија и справување со насилен екстремизам; и
- Обука на новинари и медиумски работници за медиумска писменост, креирање позитивни наративи при известување на теми од насилниот екстремизам и радикализација кои водат до тероризам и промоција на реинтеграција и рехабилитација на повратниците СТБ и нивните семејства.

## *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.3 Зајакнати и отпорни заедници*

Превенцијата е остварлива само во заедници кои се отпорни на радикализација што води то тероризма . Значајни се сите субјекти во заедницата кои може да делуваат во областа на превенцијата. Насилните екстремистички групи ги искористуваат поделбите во заедницата кои произлегуваат од верско, национално, социјално или друг вид нетрпение. Кохезивните и инклузивните заедници се поотпорни на насилната  екстремистичка пропаганда за разлика од дисфункционалните заедници.

Младите, маргинализираните групи се целни групи со кои треба интензивно да се работи за да се спречи можност за нивно индоктринирање или радикализирање од страна на екстремистички групи.

### Мерки за реализација на стратешката цел:

- Развивање на дијалог за градење доверба меѓу претставниците на локалната самоуправа, полицијата, социјалните работници, образование, верски заедници, здруженија на граѓани и други значајни чинители за превенција од насилен екстеемизам и радикализација што водат до тероризам. Локалните совети за превенција се соодветна алатка за поттикнување дијалог;
- Зајакнување на капацитетите на акциските тимови во заедницата (АТЗ) и развивање на локални акциски планови;
- Формирање нови акциски тимови во заедницата;
- Вклучување на младите во дијалози преку востановените форми за дејствување – канцелариите за млади и младинските центри;
- Зајакнување на капацитетите на родителите во процесот на превенција од радикализација;

- Работа со млади преку формите за формално и неформално образование[12]; и
- Културата и спортот може дополнително да придонесат за спречување на радикализацијата и за кохезија во државата.

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.4 Спречување на онлајн радикализација што води до тероризам*

Интернетот може да биде арена за промовирање екстремистички идеологии и говор на омраза, како и арена за радикализација и за регрутирање на лица во екстремистички здруженија. Од тие причини потребно е да се зајакнат капацитетите за спречување радикализација и регрутирање преку интернет. Воедно интернетот може да биде алатка за превенција од радикалзиација.

**Мерки за реализација на стратешката цел:**

- Превенција на говорот на омраза на интернет;
- Кампања за социјална кохезија и справување со насилен екстремизам и радикализација што води до тероризам преку социјалните медиуми;
- Градење на политики засновани на истражувања, мапирање на ризици, анализа на можности за радикализација што води до тероризам преку интернет; и
- Истражувања за медиумска писменост кај младите со препораки.

## 2. ЗАШТИТА

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1 Проактивни институции за заштита на основните вредности, човековите права и слободи и зголемена доверба на граѓаните кон институциите*

Зајакнувањето на одговорот против тероризмот мора да вклучува превенција и сузбивање насилен екстремизам и радикализација кои водат до тероризам. Во таа смисла правата што се однесуваат на интегритетот на личноста: правото на живот, слобода и сигурност се основни права кои државата е должна да ги обезбеди за

[12] Мерките од областа за работа со млади реферираат на мерките од Националната стратегија за млади 2016-2025

своите граѓани[13]. Државата има обврска да ги почитува, заштити и да обезбеди гаранција за правата на поединецот. Постои силна поврзаност помеѓу обезбедувањето на јавниот ред и мир заштитата на човекот и основните права и слободи.

### Мерки за реализација на стратешката цел:

- Заштита на луѓето на јавни места особено кога зборуваме за заштита на човековите права и осоновни слободи, животот и имотот на граѓаните. Од особено значење е да се вклучи јавно – приватно партнерство со бизнис заедницата вклучително и со агенциите за приватно обезбедување особено со тие што даваат услуги за обезбедување на јавни места на кои може да присуствуваат поголем број граѓани (молови, транспортни центри, училишта или објекти кои даваат услуги за сместување);
- Зајакнување на капацитетите на локалните мултидисциплинарни тимови за работа со радикализирани лица, СТБ и членови од нивните семејства;
- Работа со лица и групи кои се во ризик да бидат ранливи преку обезбедување на мерки за помош и заштита; и
- Поголема видливост на НКСНЕБПТ, со цел промовирање на концептите за превенција и заштита од радикализација и насилен екстремизам што може да доведе до тероризам.

## 3. ИЗВРШУВАЊЕ

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1 Мерки за зашштита на границите*

Проактивното дејствување на институциите, заедничкото дејствување и вмрежувањето на институциите е силна гаранција за воспоставување на функционален систем. Следењето и анализата на состојбата на криминалитетот поврзан со оружјето, муницијата и експлозивите[14], следењето на внатрешните и надворешните миграциски текови се темели на политики засновани на докази и соодветни проценки на ризик.

---

[13] Универзална декларација за човековите права, Генрално собрание на Обединетите нации, 10 декмеври 1948

[14] Поврзано со Патоказаот за одржливо решение за нелегално поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО) огнено оружје и муниција за истото во Западен Балкан д о2024

**Мерки за реализација на стратешката цел:**

- Воспоставување на ефикасен систем за пријава на престојувалиште на странски државјани во Република Северна Македонија; и
- Анализа на миграциските текови и влијанијата врз појава на екстрмистички движења и радикалаизаија кои водат до тероризам.

## 4. ОДГОВОР

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.1 Деангажирање/Дерадикализација*

Програмите за деангажирање/дерадикализација имаат суштинско значење во процесот на терцијарната превенција.

Повторната интеграција на насилните екстремисти, терористи, СТБ може да се смета за процес што има цел да ја олесни нивната повторна интеграција во општеството, со што ќе се намали веројатноста дека истите ќе продолжат со насилни дејствија.

Процесот на деангажирање и дерадикализација на радикализирани лица е процес кој бара индивидуализиран, родово сензитивен како и соодветен пристап базиран на возраста и е процес заснован на почитување на човековите права и слободи загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународното право за човекови права.

**Мерки за реализација на стратешката цел:**

- Вклучување во програма за реинтеграција преку рехабилитација на насилни радикализирани лица во казнено - поправните установи (КПУ), работа со лица по отпуст од издржување казна затвор и семејствата на СТБ;
- Анализа на можностите за вклучување на верските заедници во процесот на рехабилитација и реинтеграција на осудени лица;
- Вклучување во програма за реинтеграција преку рехабилитација на жени и деца поврзани со странски терористички борци;
- Да се намалат ризиците/факторите кои придонесуваат за радикализација која води до тероризам или насилство во казнено - поправните установи (КПУ), да се подобрат условите во притвор и да се обезбеди почитување на човековите права во постапувањето со насилните екстремистички затвореници, вклучително и зголемен надзор на затворите и зајакнување на капацитетите на независниот мониторинг; и
- Подобрување на капацитетите во КПУ.

Постапувањето со членовите на семејството бара родово сензитивен пристап и пристап заснован на начелото на најдобар интерес на детето.

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.2 Реинтеграција преку ресоцијализација и рехабилитација*

Реинтеграцијата има клучна улога во процесот на превенција од насилен екстремизам. Преку соодветни програми за ресоцијализација и рехабилитација, ќе биде олеснат процесот на реинтеграција на радикализираните лица во заедницата. За таа цел потребен е холистички пристап кој ќе се темели на индивидуалните потреби на лицето/лицата кои се вклучени во програмата. Значајно е да се има предвид пристапот во процесот за реинтеграција кон жените и децата повратници, затоа што истите може да имаат двоен статус – на сторители и на жртви. Поради тоа свеста за траумата треба да биде клучна вештина што ќе им биде пренесена на поединците што работат со деца-повратници.

**Мерки за реализација на стратешката цел:**

- Работа со жените и децата повратници преку програми кои се родово сензитивни и програми кои ќе го следат најдобриот интерес на детето;
- Развивање и имплементација на програми за работа со деца во воспитно - поправните установи;
- Развивање и имплементација на програми за работа со осудени лица во КПУ;
- Имплементација на утврдените постапки и процедури утврдени со СОП за постапување со СТБ и членови на нивните семејства со СОП за постапување пред отпуст и пост-пенална помош за радикализирани осудени лица; и
- Имплементација на програма за (не)формално образование и стручни обуки на осудени лица останува значајна мерка за намалување на степенот на радикализација кај лица кои доброволно се вклучуваат во програма за стручна обука.

### *СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4.3 Зајакната координација и унапредување на соработка*

Процесот на рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на радикализирани лица и нивното „одвраќање" од понатамошно дејствување се темели на широк општествен одговор .

Соработката се темели на научени лекции и постапување кое се води од најдобри практики, но и врз заеднички програми за постапување на национално и регионално ниво.

**Мерки за реализација на стратешката цел:**

- Зајакнување на соработката помеѓу институциите, соработка со граѓанските здруженија како партнери за постигнување на стратешките цели, со меѓународните организации и со партнерите од земјите во регионот; и
- Целосното спроведување на Заедничкиот акциски план за борба против тероризмот за Западен Балкан, вклучително и понатамошно интегрирање на регионот во активностите на Мрежата за подигање на свеста за радикализација (РАН) е од суштинско значење.

## 10. ПРИОРИТЕТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

Приоритетите за имплементација се определени следејќи го Акцискиот план за имплементација на Националната стартегија за спречување насилен екстремизам 2023 – 2027.

Во таа смисла **за приоритетни активности се определени**:

1. Развивање на капацитетите на човечките ресурси преку различни форми за обуки (како континуирана активност).

2. Воведување на задача за учење во програмата за основна обука за кандидатите за полицаец.

3. Промовирање на концептот на локални совети за превенција и обезбедување континуитет и поддршка за изготвување и имплементација локални стратегии за спречување насилен екстремизам и радикализација кои водат до тероризам.

4. Мапирање и изработка анализа за појавата на насилен екстремизам и радикализација што водат кон тероризам на интернет просторот во Република Северна Македонија.

5. Поддршка на активностите за работа со ранливи семејства.

6. Изработка на инструмент за проценка на радикализација на деца во ВПУ.

7. Изработка на програма за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на повратници од странски војски и членови на нивните семејства, жени и деца во системот на социјална заштита и безбедност.

8. Воспоставување на систем за следење, координација и евиденција на помошта и поддршката за радикализирани лица кои се вклучени во програмата за реинтеграција преку рехабилитација и ресоцијализација, вклучително и за СТБ и членови на нивните семејства.

9. Развивање на алатки за мониторинг и известување за спроведување на Националната стратегија за СНЕ.

10. Активности со целни групи – млади за развивање критичко размислување.

11. Активности со целна група жени и нивно активно вклучување во превентивните активности за спречување на насилен екстремизам.

## 11. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето и известувањето за имплементацијата на стратегијата и акцискиот план го спроведува НКСНЕБПТ, во соработка со надлежните државни органи. Релевантните граѓански здруженија и меѓународни организации се партнер во спроведувањето на активностите предвидени со Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за спречување насилен екстремизам (2023–2027), како и партнери за мониторинг вклучително и потнцијалното влијание на човековите права и неговата имплементација.

Реализацијата на целите од оваа стратегија ќе биде финансиски поддржана од буџетите на државните институции. Државните субјекти се упатени кон воспоставување соработка за користење дополнителна финансиска, експертска и институционална поддршка од фондовите на ЕУ, ОБСЕ, ОН и други меѓународни организации.

НКСНЕБПТ врши координација на процесот на остварување на стратешките цели од Стратегијата за спречување насилен екстремизам, како и усогласување на активностите со останатите стратешки документи. Воедно НКСНЕБПТ го следи спроведувањето на Акцискиот план на оваа стратегија и дава препораки до Владата на Република Северна Македонија за преземање соодветни мерки во случај на неспроведување или тешкотии во спроведувањето.

Следењето на стратегијата подразбира собирање податоци за степенот на реализација на активностите и на утврдување на евентуалните ризици кои можат да произлезат од нереализирани активности или од неостварените резултати. Во одредени ситуации се мери и влијанието на одредени мерки и активности врз промената на ситуацијата (преку соодветно и објективно претставување на индикаторите за успешност).

При подготвување на извештаите ќе се имаат во предвид следните начела: концизност и јасност, релевантност, објективност, како и информациите да бидат квантитативно и квалитетно изразени.

Координативното тело на седница на НКСНЕБПТ, ќе го презентира годишниот извештај за степенот на реализиција, показателите за успешност и пречките во остварувањето на стратешките цели.

На секои две години независни консултанти прават анализа на прогресот на имплементација на стратешките цели и извештајот го доставуваат до НКСНЕБПТ.


Национална стратегија за спречување насилен екстремизам
Превенирање насилен екстремизам преку инклузивен развој, промоција на толеранција и почитување на различностите.
Владеење на правото и постапки засновани на почитување на човековите права
Зајакнување на борбата против корупцијата
Зајакнување на локалните капацитети
Поттикнување на учество во носењето одлуки на сите нивоа
Обуки за младите преку формално и неформално образование
Социо економски можности и вклучување на лицата во ризик
Работа со медиумите за промовирање на алтеративни наративи
Превенција на насилен екстремизам
Превенција, дерадикализација и реинтеграција – систем заснован на вклученост на заедницата
Реинтеграција на поранешни екстремисти
Промовирање родова еднаквост и зајакнување на жената
Ангажирање на младите во градењето на социјална кохезија
Работа со верски лидери и заедници

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

(употребени во Националната стратегија за спречување насилен екстремизам и Акцискиот план за имплементација на Стратегијата)

ААВМУ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
АНБ – Агенција за национална безбедност
АТЗ – Акциски тимови во заедницата
БЈБ – Биро за јавна безбедност
БПТ – Борба против тероризам
УИС – Управа за извршување на санкциите
ВПУ – Воспитно поправна установа
ЕУ – Европска Унија
ЗЕЛС – Заедница на единиците на локалната самоуправа
ЗНМ – Здружение на новинари
КПУ – Казнено поправна установа
КОВЗРГ – Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
ЛМТ – Локални мултидисциплинарни тимови
ЛСП – Локални совети за превенција
МВР – Министерство за внатрешни работи
МО – Министерство за одбрана
МОН - Министерство за образование и наука
МТСП – Министерство за труд и социјална политика
НЕ – Насилен екстремизам
НКСНЕБПТ – Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам
ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка на Европа
ОН – Обединети Нации
СЕММ – Совет за етика во медиумите
СНЕ – Спречување насилен екстремизам
СТБ – Странски терористички борци
СоЕ – Совет на Европа
РСМ – Република Северна Македонија
РРР – Рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција
СОП – Стандардни оперативни процедури
ЦСР – Центар за социјална работа